**Влада на Република Северна Македонија**

Бр. 44-2282/14
Скопје, 30 март 2020 година

**ДО МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО**

**С К О П Ј Е**

**И З В А Д О К**
**од Нацрт – записникот од Триесет и првата седница**
**на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 30 март 2020 година**

**„ТОЧКА 2: Записник од Четиринаесеттиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 30 март 2020 година**

Владата го разгледа и усвои Записникот од Четиринаесеттиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 30 март 2020 година.

Истовремено, согласно предлозите изнесени во расправата на седницата, ги усвои следните заклучоци:

1. Влада заклучи да побара од НАТО да бидат активирани механизмите за цивилна заштита во услови на вонредни состојби на Евро-атланскиот Центар за координиран одговор во случаи на катастрофи (Euro-Atlantic Disaster Response Coordination Centre – EADRCC) и ја задолжи работната група предводена од Секретаријат за европски прашања кој ја координира помошта, да подготви листа на приоритети за кои е неопходна идна асистенција од овие механизми.

2. Го разгледа и прифати Барањето од Министерството за труд и социјална политика заведено под бр. 02-2726/1 од 27.3.2020 година и заклучи:


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3118 022
www.vlada.mk

- Се задолжуваат сите органи на државната управа, јавните претпријатија основани од државата, акционерските друштва во државна сопственост, агенции, фондови, бироа, заводи, управи и сите останати државни институции, а се укажува на единиците на локалната самоуправа во Република Северна Македонија, јавните претпријатија и другите правни лица основани од единиците на локалната самоуправа, како и се препорачува на приватниот сектор, за вработените лица во овие институции и фирми кои на работа одат со придружба – потполно слепи лица, лица кои се движат со инвалидска количка и лица со умерена и тешка интелектуална попреченост, да бидат ослободени од одење на работа и извршување на работни активности.

3. За време на забраната и посебниот режим на движење на територијата на Република Северна Македонија, во деновите сабота и недела дозволи сите граѓани кои живеат во станбени објекти за колективно домување и што имаат домашни миленичиња (куче), да може да ги изнесуваат надвор од своите домови, во времетраење од 30 минути, почнувајќи од 20.00 часот до 20.30 часот, најмногу до 100 метри од објектот во кој живеат. Притоа, граѓаните да го задржат минимум потребното растојание од останатите лица и да не се групираат. "

**Прилог:**

- **Записник од ГККШ**

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Драги Рашковски**

ДОСТАВЕНО И ДО:
- сите државни институции
- Заедницата на единиците на локалната самоуправа
- Секторот за односи со јавност на Владата на Република Северна Македонија
- Стопанските комори во Република Северна Македонија

Подготвил: Ирма Мандева
Проверил: Љубица Р. Димовска
Согласен: Дејан Јакимовски
Одобрил: Митра Спасовска


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3118 022
www.vlada.mk

Влада на Република Северна Македонија

- КАНЦЕЛАРИЈА НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА -

Скопје, 30 март 2020 година

Архивски број: 08 - 780/14

Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Skopje-Shkup
30-03-2020
44-2282/14

**ЗАПИСНИК**

**од Четиринаесеттиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 30 март 2020 година**

На 30 март 2020 година (понеделник), со почеток во 9.30 часот, во просториите на зградата на Владата на Република Северна Македонија, се одржа Четиринаесеттиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19.

Со Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, раководеше Оливер Спасовски, претседател на Владата на Република Северна Македонија.

На состанокот присуствуваа членовите на Главниот координативен кризен штаб и тоа: м-р Радмила Шекеринска Јанковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана, д-р Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, Наќе Чулев, министер за внатрешни работи, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, д-р Нина Ангеловска, министер за финансии, д-р Арбр Адеми, министер за образование и наука, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, м-р Агрон Буџаку, директор на Центарот за управување со кризи и Аднан Џаферовски, директор на Дирекцијата за заштита и спасување.


Канцеларија на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk
МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

На состанокот присуствуваа и Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, Славјанка Петровска, дополнителен заменик на министерот за внатрешни работи, д-р Драги Рашковски, генерален секретар на Владата, Викторио Димовски, директор на Агенцијата за национална безбедност, Ѓоко Танаскоски, директор на Царинската управа на Република Северна Македонија, Зоран Попов, државен секретар во Министерството за надворешни работи, Лирим Шабани, државен секретар во Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците, и Петре Шилегов, градоначалник на Град Скопје и претседател на Заедницата на единиците на локалната самоуправа.

Од состанокот на Главниот координативен кризен штаб, отсуствуваа Мила Царовска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори и Садула Дураки, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за политички систем и односи меѓу заедниците.

*
*   *

На состанокот на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19 **<u>се утврди следниот Дневниот ред:</u>**

**<u>Точка 1:</u>** Тек и прогрес на активностите на сите надлежни институции за обезбедување целосна координација во врска со спречување, внесување и ширење на Коронавирус COVID-19

**<u>Точка 2:</u>** Прашања и предлози

*
*   *


Канцеларија на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk
МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2009 SGS

Пред отворање расправа по материјалите во рамки на Дневниот ред, сите членови на Главниот координативен кризен штаб, секој од своја надлежност информираа за реализацијата и спроведувањето на сите заклучоци, мерки и препораки усвоени на претходниот состанок, што е спроведено и на кој начин.

**По однос на точката 1 од Дневниот ред,** министерот за здравство, доц. д-р Венко Филипче, ги информираше членовите на Главниот координативен кризен штаб за состојбите, текот и прогресот на активностите на сите здравствени екипи од сите надлежни институции, како и за реализација на задолженија, мерки и препораки заради координација во врска со спречувањето на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19.

Дополнително, тој информираше дека во текот на овој ден Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство ќе достави свое мислење и предлог во однос на тоа дали е потребно целосно да се затвораат влезовите и пристапите во одредени општини на територијата на Република Северна Македонија со посебен режим на движење во овие населени места.

Главниот координативен кризен штаб и другите присутни лица го разгледаа Списокот со потреби и проблеми за решавање во кризните подрачја во општините Дебар и Центар Жупа, доставено од директорот на Центарот за управување со кризи, м-р Агрон Буџаку.

Министерот за внатрешни работи, Наќе Чулев, до членовите на Главниот координативен кризен штаб го достави за разгледување Прегледот на евидентирани патници при влез/излез од Република Северна Македонија и Прегледот на евидентирани товарни возила при влез/излез од Република Северна Македонија, во системот за контрола на патници и возила од 28.03.2020 година од 7.00 часот до 29.03.2020 година до 7.00 часот.

Министерот за надворешни работи, м-р Никола Димитров, информираше во однос на тоа дека во Министерството се пристигнати одредени барања со образложени причини за иземање од мерката за спроведување во задолжителен државен карантин.

Согласно информирањето и предлозите изнесени во расправата на состанокот од членовите и другите присутни лица по однос на оваа точка, **Главниот координативен кризен штаб, ги усвои следниве заклучоци:**

1. **Барањата за иземање од мерката спроведување во задолжителен државен карантин, доставени од граѓаните кои доаѓаат во Република Северна Македонија, од страна на Министерството за надворешни работи, Министерството за внатрешни работи и Министерството за здравство да бидат спроведени во задолжителен државен карантин, без отстапувања од воспоставените протоколи, освен кога се работи за барање поради здравствени причини, потврдено од Министерството за здравство преку добиена соодветна медицинска документација, или пак, барања за погреб на деца или родители, но овие лица кои ќе бидат иземени од оваа мерка да бидат во придружба и под мониторинг од припадниците на полициските сили на Министерството за внатрешни работи.**

2. **На наредната седница на Владата, да се дискутира потребата од активирање на Механизмот за цивилна заштита – НАТО.**

3. **Министерството за внатрешни работи и Армијата на Република Северна Македонија да утврдат посебен начин на движење на припадниците на Армијата од и кон работно место при движење со приватни возила.**

4. **Државниот санитарен и здравствен инспекторат веднаш да направи контрола и да утврди план на работа или затворање на Заводот за физикална медицина и рехабилитација во Козле, со оглед дека осум медицински лица и двајца пациенти се позитивни на Коронавирус.**

5. Државниот санитарен и здравствен инспекторат веднаш да направи контрола во сите здравствени установи на територијата на Република Северна Македонија за тоа дали се почитуваат наредбите и протоколите од Министерството за здравство, особено во делот на задолжително носење на заштитна опрема за време на извршување на работата и доколку се констатирани непочитувања од страна на здравствените работници, истите да бидат соодветно санкционирани.

6. Управата за извршување на санкции веднаш да воспостави план и начин на работа во казнено поправните установи во Република Северна Македонија, со цел целосно почитување и спроведување на сите донесени одлуки, мерки и препораки од Владата на Република Сверна Македонија.

7. На предлог на Царинската управа на Република Северна Македонија, сите празни товарни моторни возила (камиони) кои треба да влезат во Република Северна Македонија за времетраење на забраната и посебниот режим на движење, дозволено е да влезат со добивање на посебна потврда за влез на празно товарно возило (камион) од системот за евиденција на празни товарни моторни возила од надлежниот царински орган и оваа потврда да се прифати како доказ при контрола од припадниците на Министерството за внатрешни работи.

8. Град Скопје, во соработка со Министерството за информатичко општество и администрација да определи такси компании кои ќе определат фиксен број на возила кои ќе возат за време на забраната и посебниот режим на движење, со цел превоз на патници од и кон работно место, превоз на медицински лица или лица кои имаат посебна дозвола за движење.


Канцеларија на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3123 371 www.vlada.mk

9. Го разгледа Барањето доставено од Мнистерството за труд и социјална политика, под бр. 02-2726/1 од 27.03.2020 година во врска со донесување мерка за ослободување од одење на работа и извршување на работни активности за лицата кои се во работен однос, а на работа задолжително мораат да одат со придружба – потполно слепи лица, лица кои се движат со помош на инвалидска количка и лица со умерена и тешка интелектуална попреченост и истото да се разгледа на наредната седница на Владата, со цел одлучување во врска со истото.

10. Го разгледа текстот на Предлог – уредбата со законска сила за финансирање на организирање и реконструкција на јавните површини во просторот на Клинички центар „Мајка Тереза“ Скопје за време на вонредна состојба и истиот да се разгледа на наредната седница на Владата.

11. Го прифати Барањето за еднократна донација, доставено од ДПТУ АДЛЕР ГМБХ, ДОО увоз – извоз, под бр. 0302-246 од 26.03.2020 година и истото го проследи на понатамошно постапување до Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, со цел преземање на оваа донација.

12. Дирекцијата за заштита и спасување да даде санитетско возило за потребите на Центарот за јавно здравје во Струмица, согласно доставеното барање до Дирекцијата.

*

* *

По однос на точката 2 од Дневниот ред, немаше прашања, ниту предлози.

*

* *

Горенаведените, заклучоци, препораки и констатации беа едногласно прифатени, без забелешки од членовите на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19 и за задолженијата кои произлегуваат од истите веднаш да бидат информирани сите надлежни институции, со цел нивно итно операционализирање и реализирање.

*

* *

Содржината на овој записник е од интерен карактер за органите на државната управа и другите државни институции и задолженијата кои произлегуваат од истиот се однесуваат исклучиво на примателот на задолжението.

На седницата е воден записник.

**ПРЕТЕСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Оливер Спасовски**



Канцеларија на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија

Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3123 371
www.vlada.mk

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2008